МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 148.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 11.05.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски-Директор на МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,148.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 146.седница и 147.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права,како и договорот за откуп на програма со бр.03-4601/5 од 23.11.2020 година со продукацијата Револушн дооел.
4. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записникот од 146.седница и 147.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 146.седница и 147.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиниците од 146.седница и 147.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека запиниците од 146.седница и 147.седница на Програмскиот совет на МРТ се едногласно **усвоени** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред членовите на советот посочи дека се пристигнати повеќе одговори по заклучоците донесени на седници на Програмскиот совет на МРТ на минатите седници,ги прочита истите и притоа потсети дека не е добиена информација по брањата на дописниците на МРТ од минатата седница упатени преку ЗНМ и ССНМ за неисплатените плати.
Марјан Цветкоски директор на МРТ по однос на барањата на дописниците на МРТ одговори дека е остварена средба со ЗНМ и ССНМ, и објасни дека прво договорот со агенцијата за авторски договори беше проблем односно истечен во јануари 2021 година, и додека помина цела постапка за избор на нова агенција не смееше да се се потпишуваат договори со дописниците,тоа сега е надминато и исплатени се сите финансиски средства на дописниците.Што се однесува до тоа што договорите се потпишуваат месец за месец тоа е така бидејќи одлучиле уредниците, но бидејќи не постои законска пречка,од нареден месец ќе ги потпишуваме на подолг период.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац потсети дека уште по два или три заклучоци советот нема добиено одговор или делумно има добиено информација, па затоа беше побарано истите да бидат доставени од службите до директорот како би можело да се добие одговор и по овие заклучоци.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права,како и договорот за откуп на програма со бр.03-4601/5 од 23.11.2020 година со продукацијата Револушн дооел.**
Договорот за откуп на програма со бр.03-4601/5 од 23.11.2020 година со продукацијата Револутион дооел беше доставен на разгледување пред присутните членови на советот,додека другиот дел од бараната информација,односно Прегледот за евидентирани фактури во делот на програмски права недостасуваше и беше договорено да биде доставен на разгледување до Програмскиот совет за наредна седница.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка беа разгледувани две Информации и тоа:
-Извествање на Заменик директорот на МРТ Арун Ибраими (бр.04-2421/1 од 10.05.2021г.), за заминување во пензија согласно исполнување на условот за наполнети 67 години.
По првата информација беше констатирано дека предметот треба посериозно да се размисли и да се увидат сите законски решенија за пензионирање од страна на Одделението за човечки ресурси во МРТ и да се добијат насоки како да се постапува
-Известување од Одделението за планирање и буџети во МРТ (бр.05-2451/1 од 10.05.2021г.),за остварување на трошоци по основ на исплата на надомест на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател